# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија


---

ПРЕДЛОГ

**СОБРАНИЕ НА АД**

**Т.1**

Врз основа на чл. 383, став 1, точка 2 од ЗТД и чл. 60, став 1 точка 5 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 21.11. 2018 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за деловната 2017 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар - Апаратна Техника за деловната 2017 г.

1. Се усвојува Годишниот извештај на Одборот на директори на АД Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје за работата на Друштвото во деловната 2017 г.

2. Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори на АД Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје за деловната 2017 г.

3. Составен дел на оваа Одлука е Годишниот извештај на Одборот на директори на АД Раде Кончар – Апаратна техника – Скопје за работата на Друштвото во деловната 2017 година.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на Одлуката на Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, бр. 0201-75 од 21.08.2018 година донесена на презакажаното редовно годишно Собрание на акционери од 20.08.2018 година, со која се овластува Одборот на директори да изврши корекција на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година со цел да износот од 189.662.518,00 денари, добиен по правосилна Пресуда на Апелациониот суд-Скопје ТСЖ бр.1736/17 од 07.12.2017 година и Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/2018 од 21.06.2018 година, се прикаже како приход во деловната 2017 година, па согласно законските прописи и Меѓународните сметководствени стандарди се утврди добивката, нејзината распределба согласно Законот и Статутот како и исплатата на дивиденда со утврдување на износот на

дивиденда по акција и дивиденден календар, Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, спроведе корективни ставови во поглед на годишната сметка и финансиските извешаи за 2017 година и изврши повторно изготвување и одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година а кои се рефлектираат и на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2017 година.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**